RESOLVE
NETWORK

# ЗАВРШНО РЕЗИМЕ

## Миграција, екстремизам и опасни игри на обвинувања:
Развој и динамика во Србија

Марина Лажетиќ

DOI за целосен извештај: https://doi.org/10.37805/wb2021.1

*Ставовите искажани во оваа публикација се ставови на авторот. Тие нужно не ги одразуваат ставовите на RESOLVE Network, U.S. Institute of Peace (Американскиот институт за мир) или на кој било субјект во владата на САД.*

Почнувајќи од 2015 година, забрзаното пристигнување на стотици илјади мигранти во Европската Унија (ЕУ) од Блискиот Исток, Јужна Азија и Африка[1] се совпадна со зголемувањето на поддршката за антиимиграциската реторика и за крајната десница во повеќе европски земји.[2] Значителен број од овие мигранти дојдоа во ЕУ преку патот што стана познат како „Balkan Route" (Балканска рута),[3] главен транзитен копнен пат што минува низ Западен Балкан.[4] Меѓутоа, во 2016 година маршрутата официјално беше „затворена," а голем број од тие луѓе беа оставени да се обидуваат да стигнат до Европа, додека ефективно останаа заглавени на Балканот.[5] На пример, во 2020 година на границите на Србија во секој даден момент беа присутни околу 7 000 мигранти и бегалци.[6] Ова присуство на мигранти во рамките на Балканот не помина незабележано и, во некои случаи, дури предизвика интензивирана активност и мобилизација меѓу припадниците на крајната десница, кои се спротивставуваа на нивното присуство во регионот. Истражувајќи го овој феномен, овој извештај се концентрира на динамиката што ја опкружува миграцијата и на одговорите на неа од крајната десница во Србија, една од земјите долж „Balkan Route" (Балканската рута).

Иако во Србија се присутни расистички убедувања, како што е „големата теорија за замена", теорија на заговор со која се тврди дека „локалните бели Европејци во нивните земји бидуваат

1 Фразата „миграциска криза" во овој извештај е ставена во наводници за да го одрази популарниот дискурс за миграцијата, истовремено укажувајќи дека кризата нужно не е толку поврзана со самата миграција, колку што е со јазикот, социјалниот и политичкиот дискурс и неможноста на државите и меѓународните организации да се согласат за најдобриот начин како да им се даде помош и обезбеди заштита на луѓето, на и во рамките на нивните граници.

2 "Europe and Right-Wing Nationalism: A Country-by-Country Guide," („Европа и национализмот на крајната десница: Водич од земја до земја") *BBC News*, 13 ноември 2019 година, https://www.bbc.com/news/world-europe-36130006.

3 Bodo Weber, *The EU-Turkey Refugee Deal and the Not Quite Closed Balkan Route (Договор за бегалци помеѓу ЕУ и Турција и не сосема затворената Балканска рута)* (Sarajevo: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2017), http://www.democratizationpolicy.org/summary/eu-turkey-refugee-deal-and-the-not-quite-closed-balkan-route/.

4 Терминот „Западен Балкан" се однесува на регионот што ги опфаќа државите Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Косово, Северна Македонија и Србија. Иако Хрватска често се исклучува од Западен Балкан со оглед на нејзиното членство во Европската Унија, сепак, скорешната воена историја на земјата со соседните земји од Западен Балкан зборуваат за нејзините постојани врски со регионот и влијанието врз него.

5 Francisco de Borja Lasheras, Vessela Tcherneva, and Fredrik Wesslau, *Return to Instability: How Migration and Great Power Politics Threaten the Western Balkans (Враќање кон нестабилноста: Како миграцијата и политиката на големите сили му се закануваат на Западен Балкан)* (London: European Council on Foreign Relations, 2016), https://ecfr.eu/publication/return_to_instability_6045.

6 Според УНХЦР, во јануари 2021 година Србија имала „3 180 новорегистрирани лица (споредено со 1 695 во февруари 2019 година) и 2 273 во февруари 2021 година (споредено со 2 633 во февруари 2020 година)." Види: „UNHCR Serbia Monthly Update, January – February 2021," *United Nations High Commissioner for Refugees,* 12 март 2021 година.

заменети со небели имигранти од Африка и од Блискиот Исток“,[7] а којашто ја пропагираат некои крајнодесничарски и антиимиграциски движења[8] — и дискриминацијата против ромското население која е присутна во Србија, сепак, припадниците на крајната десница во Србија во својата реторика не ги спомнуваат експлицитно расните тензии како што тоа го прават некои крајнодесничарски групи од Западна Европа или од САД. Наместо тоа, крајнодесничарската реторика во Србија останува концентрирана околу фрустрациите од политичкиот естаблишмент, етничкиот национализам и антималцинските чувства, поткрепени со прашањата за разводнување на српскиот национален идентитет. Со ваква заднина, се чини дека пристигнувањето на мигранти во Србија од области што се надвор од регионот на Западен Балкан создаде нова точка на собирање и можност за припадниците на крајната десница да ја пренасочат својата агенда од позициите на воениот етнички национализам што датира од конфликтите во 90-те години кон „европеизиран“ дискурс, нагласувајќи го европското потекло и заедничката борба против „аутсајдерите“.[9] Таквата „европеизација“ се манифестираше на Балканот во време кога европската крајна десница ја популаризираше во главната струја загриженоста во врска со големиот број мигранти и бегалци. Крајната десница во Србија ги учеше и усвојуваше европските стратегии, а во некои случаи беше и обучувана од припадници на европската крајна десница.[10]

Во овој извештај, преку детална анализа на тековните и новите крајнодесничарски тенденции и активности во земјата, се испитува како „миграциската криза“ влијаеше врз крајнодесничарските екстремисти во Србија и како тие ја искористија. Надградувајќи се на претходните истражувања спроведени од авторот,[11] во извештајот се утврдува дека движењето на луѓе од Блискиот Исток, Јужна Азија и Африка преку Западен Балкан и нивното долготрајно преселување во регионот

---

7 Anti-Defamation League, „The Great Replacement': An Explainer," („Големата замена: Објаснувач“) *Anti-Defamation League,* https://www.adl.org/resources/backgrounders/the-great-replacement-an-explainer.

8 Исто.

9 Пишувајќи за овој феномен, Флориан Бибер забележува дека, „Идеолошкото јадро на европеизмот ги инкорпорира националните идентитети и силно е втемелено во цивилизациското разбирање на Европа како континент на бели христијани со заедничка историја и културни вредности. Ова разбирање нужно ги исклучува оние што не се Европејци според потекло.“ За повеќе, види: Florian Bieber, „How Europe's Nationalists Became Internationalists,“ („Како националистите од Европа станаа интернационалисти“) *Foreign Policy*, 30 ноември 2019 год., https://foreignpolicy.com/2019/11/30/how-europes-nationalists-became-internationalists/.

10 Jelena Cosic, Lawrence Marzouk and Ivan Angelovski, „British Nationalist Trains Serb Far-Right for 'Online War',“ („Британски националист ги обучува крајните десничари од Србија за 'онлајн војна'“) Balkan Insight, 1 мај 2018 год., http://https:/balkaninsight.com/2018/05/01/british-nationalist-trains-serb-far-right-for-online-war-04-30-2018/.

11 Marina Lažetić, „'Migration Crisis' and the Far Right Networks in Europe: A Case of Serbia,“ ('Миграциската криза' и крајнодесничарските мрежи во Европа: Случај на Србија) *Journal of Regional Security* 13, бр. 2 (2018): 1-48, https://doi.org/10.5937/jrs13-19429.

создаде нов феномен околу кој десничарските екстремисти и организации успеаа да организираат и мобилизираат поддршка, како во рамките на регионот, така и преку зајакнати врски со глобалната крајна десница.

Во извештајот прво се дава анализа на значајните обрасци поврзани со екстремизмот на крајната десница во Србија, проследена со испитување на улогата и влијанието на „миграциската криза“ врз активноста на крајната десница во земјата во периодот од 2015 до 2020 година. Притоа, во извештајот се испитува и степенот до кој антиимигрантската реторика се интегрираше во одговорите на крајната десница на друга новонастаната и тековна социјална и политичка динамика — имено, пандемијата на КОВИД-19 и евроскептицизмот.

## Миграција: Нова рамка за актуелни феномени

Историски, организацијата помеѓу и идеолошките ставови во рамките на крајната десница во Србија длабоко е вкоренета во идејата за потребата да се заштити „националниот идентитет“ на Србија од наводните непријатели. Додека улогата на „непријателот“ низ текот на децениите им се доделувала на различни субјекти, во последните години кај крајната десница на Србија се појави силен антиимиграциски наратив против други мигранти и бегалци кои се претставени како ентитет чија култура и вредности им се закануваат на српскиот народ и неговиот идентитет.[12] Динамиката е донекаде слична со наративите меѓу крајната десница што се појавија и во другите балкански држави, како што е Босна и Херцеговина.[13] Српската крајна десница прави дистинкција помеѓу овие „нови“ бегалци и мигранти и бегалците од други земји во регионот, како што се Босна и Албанија. Крајната десница на Србија, таквите бегалци што доаѓаат од области надвор од регионот ги смета за верски порадикални (на пример, оние што практикуваат „либерален ислам“) и како такви се поголема закана за Србија.[14]

---

12 Ivica Petrovic, „Srpski Desničari Vode Kampanju Preko Leđa Migranata,“ *DW,* February 20, 2020, https://www.dw.com/sr/srpski-desni%C4%8Dari-vode-kampanju-preko-le%C4%91a-migranata/a-52445721.

13 Sead Turčalo and Hikmet Karčić, „The Far Right in Bosnia and Herzegovina: Historical Revisionism and Genocide Denial,“ (Крајната десница во Босна и Херцеговина: Историски ревизионизам и негирање на геноцид“) *Balkan Insight,* август 2021 год., https://balkaninsight.com/wp-content/uploads/2021/08/The-Far-Right-in-Bosnia-and-Herzegovina_preview_without-IRI-logo.pdf.

14 Vladimir Vuletic, *Impacts of the Migration Crisis on Local Governments and Communities in Serbia and Possibilities for Integration (Влијание од миграциската криза врз локалните власти и заедници во Србија и можности за интеграција)* (Belgrade: United Nations Development Programme, 2016), https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/UNDP_SRB_Advocacy_Report_EN_Crisis_fin2_0.pdf.

Големата миграција на луѓе што доаѓаат на Западен Балкан, што во голем дел се должи на конфликтот во Сирија, отвори можност за припадниците од крајната десница во Србија да се поврзат со глобалните крајно десничарски антиимиграциски екстремистички наративи и агенди.[15] Оттогаш, европските антиимиграциски крајни десничари не само што ја посетуваат Србија, туку им даваат обука на своите српски колеги за тоа како да се организираат, како да спроведуваат кампањи за борба против имиграција и како поефективно да ги користат медиумите за промовирање на своите платформи.[16] Се вели дека вклученоста на овие надворешни чинители придонесува за натамошна поларизација во српското општество, засилувајќи ја општата атмосфера на страв меѓу локалните жители во однос на нивните „нови соседи“ (мигранти), кои, како што стравуваат, ќе ги наметнат своите надворешни култури и начини на живот во српските заедници.[17] Антиимиграциските протести што ги предводи крајната десница, како и некои други активности придонесуваат и за натамошната секуритизација на миграцијата во Србија, која се карактеризира со построги гранични мерки и присуство на војската во азилантските центри на мигрантите. Во земјакаде политиките за миграцијата не само што се донесени неодамна, туку и не се спроведуваат еднообразно, и каде состојбата на демократијата и владеењето на правото остануваат несигурни, овие протести, активности и закони се потенцијален ризик за безбедноста на локалното население, како и за самите мигранти и бегалци, како што антиимиграциските агенди и дејства ги зајакнуваат групите од крајната десница, за кои веќе се вели дека претставуваат закана за слободите на граѓаните.[18]

## Криза што се влошува: Влијанието на пандемијата

Нестабилната ситуација на неколку илјади мигранти што останаа заглавени на Балканот обидувајќи се да стигнат до Западна Европа, заедно со интензивирањето на антиимиграциските кампањи, дополнително се влоши со појавата на КОВИД-19. Додека пандемијата се совпадна со засилувањето на антиимиграциската реторика на глобално ниво, како резултат на што се

---

15 Lažetić, „'Migration Crisis' and the Far Right Networks in Europe.“ ('Миграциската криза' и крајнодесничарските мрежи во Европа)

16 Cosic, Marzouk, and Angelovski, „British Nationalist Trains Serb Far-Right for 'Online War'“ (Британски националист ја обучува српската крајна десница за „онлајн војна“).

17 Grupa 484, „Migracijski Izazovi, Lokalne Politike,“ пристапено на 25 јули 2021 год., https://www.grupa484.org.rs/h-content/uploads/2020/04/Migracijski_izazovi_lokalne_politike_ucesce_gradjana-grupa-484.pdf.

18 Maja Živanović and Ognjen Zarić, „Širenje Neistina o Migrantima u Srbiji,“ *Radio Slobodna Evropa,* 10 ноември 2020 год., https://www.slobodnaevropa.org/a/lazne-vesti-o-migrantima-i-izbeglicama-srbija/30940207.html.

прифатија некои крајнодесничарски идеи и дискурс во главната струја,[19] Србија спроведе некои од најстрогите мерки за спречување на избувнувањето на КОВИД-19,[20] а некои беа применети несразмерно и во однос на мигрантите и бегалците.[21] На пример, во текот на „полициските часови“ што ги воведе српската влада во 2020 година, мигрантите не смееја да ги напуштат азилантските центри без оглед на причината. Иако оваа политика беше во тек со пошироките мерки во Србија со кои се ограничуваше движење дури и меѓу граѓаните, мигрантите беа дополнително подложени под надзор од армијата заради чување на азилантските и прифатните центри. Ограничувањата на движењето на мигрантите надвор од центрите, како и присуството на армијата во тие центри продолжи и по ублажувањето на заштитните мерки за преостанатото население. Распоредувањето на воени ресурси во азилантските центри претседателот на Србија го оправда како средство за „заштита“ на локалното население.[22] Крајнодесничарските движења, како што се Народни патроли и Левијатан, расистичка, крајнодесничарска организација што работи под закрила на борбата за заштита на човековите права, кои станаа познати по избувнувањето на пандемијата, спроведуваа и сопствени „заштитни“ мерки. Под изговор дека се вклучуваат таму каде што државата не успеала да осигури безбедност за српскиот народ, во 2020 година овие групи испраќаа мажи облечени во црно да ги тероризираат мигрантите и членовите на локалната заедница.[23]

19 Според истражувањето што го спроведе Мрежата за психолошки иновации, 75 % од српските граѓани имаат негативен став кон миграцијата, а над една четвртина граѓани сметаат дека медиумите создаваат антиимиграциски чувства нагласувајќи ги безбедносните опасности што мигрантите ги наметнуваат за локалното население. Околу 40 % граѓани веруваат во теории на заговор поврзани со мигрантите. Види: Jovana Bjekić, Marko Živanović, Maša Vukčević Marković, Milica Ninković, and Irena Stojadinović, *Stavovi Prema Migrantima i Izbeglicama u Srbiji* (Psychological Innovation Network, јуни 2020 год.), https://psychosocialinnovation.net/wp-content/uploads/2020/08/Stavovi-prema-izbeglicama-i-migrantima_2020.pdf.

20 Milica Vojinovic, „Serbia’s COVID-19 Lockdown Takes an Authoritarian Turn,“ (Затворањето поради КОВИД-19 во Србија добива авторитарен пресврт) *Organized Crime and Corruption Reporting Project*, 2 април 2020 год., https://www.occrp.org/en/daily/11992-serbia-s-covid-19-lockdown-takes-an-authoritarian-turn.

21 Marija Antić and Danica Santić, „Serbia in the Time of COVID-19: Between ‘Corona Diplomacy’, Tough Measures and Migration Management,“ (Србија во времето на КОВИД-19: Меѓу ‘корона дипломатијата’, строгите мерки и управувањето со миграцијата) *Eurasian Geography and Economics* 61, бр. 4-5 (2020), https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/15387216.2020.1780457.

22 Veljko Popović, „Vučić Poslao Vojsku Na Migrante, Analitičari Tvrde - Predizborni Marketing,“ *Glas Amerike*, 16 мај 2020 год., https://www.glasamerike.net/a/vojska-srbije-migranti-vucic-sid-ejdus-lunic-bcpb/5422555.html.

23 Radio Slobodna Evropa, „Nevladine organizacije upozorile na rast ksenofije prema migrantima u Srbiji,“ *Radio Slobodna Evropa,* 10 декември 2020 год., https://www.slobodnaevropa.org/a/30993655.html.

# Евроскептицизам: Зајакнување на агендата на крајната десница на Србија

Очигледниот недостиг на интерес на ЕУ за вклучување на одредени земји од Западен Балкан во унијата предизвика чувство на „напуштеност“ на регионот, што е присутно во неколку социјални и политички дискурси во Србија. „Миграциската криза,“ во комбинација со пандемијата, го влоши чувството дека Унијата го напуштила Западен Балкан сам да го решава миграциското прашање, а самата ЕУ ги заштитила своите граници.[24] Се смета дека таквите перцепции за ЕУ им отвораат простор на надворешните сили да ги наметнуваат своите интереси и влијание[25], а нив ги поткрепуваат високи политички претставници, вклучително и претседателот на Србија, Александар Вучиќ, кој во неодамнешни изјави алудираше дека ЕУ ја „напушти“ Србија[26] и ја истакна поддршката што Србија ја добила од своите надворешни партнери — Русија и Кина. Истражувањата сугерираат дека изјавите на претседателот, во комбинација со ограничениот проток на информации и строгата медиумска контрола од владата во последните години, имаат силно влијание врз граѓаните на Србија, чие мнозинство сметаа дека Кина и Русија се единствените „вистински“ пријатели на Србија.[27] Убедувањето дека демократскиот напредок и интеграцијата во ЕУ ја губат силата, во комбинација со убедувањето дека Русија и Кина се единствените вистински партнери на српскиот народ, дополнително се промовира преку силните медиумски и онлајн кампањи со кои се поддржуваат крајнодесничарски наративи.[28]

---

24 Emilio Cocco, „Where is the European Frontier? The Balkan Migration Crisis and its Impact on Relations between the EU and the Western Balkans,“ (Каде е границата на Европа? Миграциската криза на Балканот и нејзиното влијание врз односите меѓу ЕУ и Западен Балкан) *European View* 16, бр. 2 (2017): 293-302, https://journals.sagepub.com/doi/10.1007/s12290-017-0471-5.

25 de Borja Lasheras, Tcherneva, and Wesslau, *Return to Instability (Враќање кон нестабилноста).*

26 Nedeljinik, „Samo Kina Može Da Nam Pomogne, Evropska Solidarnost Ne Postoji...“ *Nedeljinik,* 15 март 2020 год., https://www.nedeljnik.rs/samo-kina-moze-da-nam-pomogne-evropska-solidarnost-ne-postoji/.

27 Institute of European Affairs, „Istraživanje Javnog Mnjenja – Stavovi Građana Srbije Prema Rusiji,“ *Institute of European Affairs*, 21 мај 2020 год., https://iea.rs/en/blog/2020/05/21/istrazivanje-javnog-mnjenja-stavovi-gradjana-srbije-prema-rusiji/.

28 Paul Stronski and Annie Himes, *Russia's Game in the Balkans (Играта на Русија на Балканот)* (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2019), https://carnegieendowment.org/2019/02/06/russia-s-game-in-balkans-pub-78235.

## *За авторот*

***Марина Лажетиќ*** *е докторанд на Fletcher School и истражувач во областа на миграцијата и екстремизмот. Нејзините истражувања се концентрирани на заштитата на популациите во движење и разбирањето на користењето на миграцијата како алатка за мобилизирање од страна на крајнодесничарските движења. Марина е извршен директор на Иницијативата за принудно преселување при Бостонскиот универзитет каде спроведува истражувања, раководи со четири програми за педагогија и за истражувања за принудно преселување (во Колумбија, Либан, Уганда и Тексас, САД), и води виртуелни глобални програми за размена на додипломски и постдипломски студенти, истражувачи и педагози. Исто така, го води Refugees in Towns Project (Проект „Бегалци во градовите"), каде со голем тим од студенти од Fletcher работи на пишување студии на случаи за интеграцијата во градовите низ светот. Марина претходно работела за непрофитни организации и институции, како што се Фондациите Отворено општество, Белградскиот центар за безбедносна политика и Лекари без граници. Има B.A. (Диплома) за човекови права и социологија од Bard College и Master of Arts in Law and Diplomacy (Магистар за право и дипломатија) од Fletcher School of Law and Diplomacy.*

RESOLVE NETWORK

better research.informed practice.improved policy on violent extremism.

www.resolvenet.org

RESOLVE е лоцирана во U.S. Institute of Peace (Американскиот институт за мир), надградувајќи го деценискито наследство на Институтот на силна ангажираност во заедници погодени од конфликт.

United States Institute of Peace
Making Peace Possible